Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 24 септември 2024 година

Скопје, октомври 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември 2024 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална полтика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и  м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Даниела Иротова Лазарева, државен во секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Андријана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, директор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри Лотарија на Македонија Скопје, Нуредин Фетаи, директор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта и Оливија Јаневска, претставник од Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта,  Татјана Калиновчиќ

Трајковска, претставник од Министерството за финансии, Дејан Герасимовски и Ивана Тасевска, претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и нотар Методија Ристовски.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 9-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2024 година
- Усвојување на Записникот од 21-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 септември 2024 година

1. Информација за Предлог на национална развојна стратегија 2024 -2044 година и Предлог на програма за спроведување на Националната развојна стратегија за периодот 2024 – 2028 година

2. Информација за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

3. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.72/22)

4. Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.03-111/7)

5. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.03-600/1)

6. Годишна сметка, Годишен извештај за работењето и финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес за 2023 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнувања и со предлог-одлуки

7. Ревизорски извештај за 2023 година, Годишен извештај за работењето за 2023 година и обрасци по Годишната сметка за 2023 година на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје, со предлог-одлуки

8. Предлог - одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.196329, КО Драчево 2, КП бр.10746/1)

9. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Триесет и петта одлука)

10. Информација во врска со потребата за престанување на Друштвото за приредување на електронски игри на среќа, Нова државна видеолотарија НОВО ВЛТ ДОО – Скопје и друштвата за приредување интернет игри на среќа Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – МОЗЗАРТ ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – 77 БИТС ДОО Скопје и Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – ВЕЗУВ ДОО Скопје, во кои содружник е Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија и преземање активности за отстранување на платформата 2Win.mk за приредување интернет (онлајн) игри на среќа на Друштвото за приредување на игри на среќа, Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО – Скопје, со предлог – одлуки

11. Информација во врска со исплата на финансиски обврски произлезени од работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, со Предлог – одлука

12. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во период од 19.7.2023 година до 26.1.2024 година

13. Информација за состојбата и потребата од ограничување на движење на лица во шумите и шумските појаси согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-6015/2 од 13 јули 2024 година

14. Информација во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2023 година за Меѓународниот Аеродром - Скопје, со прилози

15. Предлог - програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2024 година

16. Предлог – програма за изменување на Програмата за фитосанитарна политика за 2024 година

17. Предлог - одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите

18. Предлог - одлука за формирање на Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство

19. Предлог - одлука за формирање на Национален комитет за олеснување

20. Предлог – одлука за формирање на Цивилно-воен комитет

21. Предлог – одлука за формирање на Национален комитет за управување со безбедноста во воздухопловството

22. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас CO2 на локалитетот „Новаци“, Општина Новаци

23. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина на локалитетот „с.Љубинци – с.Петралица“, Општина Ранковце

24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка

25. Информација за учество на Министерството за дигитална трансформација во активностите за спроведување на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027, со Акциски план 2024-2025

26. Информација за потреба од одржување и модернизација на системот за интегрирано планирање на ресурсите

27. Информација за потребата од реализација на софтверското решение за унифицирани веб страници на Владата на Република Северна Македонија и министерствата

28. Предлог - одлука за утврдување на бројот на членовите на советите на општините во Република Северна Македонија

29. Информација во врска со потребата од обезбедување на дополнителни наменски средства за надомест на употребените ресурси во млазно гориво за воздухопловите на Министерството за одбрана за справување со кризната состојба и за поддршка на странските воздухоплови и екипажи и на друг странски персонал

30. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежба на командно место од страна на NATO Allied Reaction Force (ARF), со Предлог-одлука

31. Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик за периодот 1.9.2023-31.12.2023 година

32. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ Битола (41-4410/1).

33. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“, – Битола

34. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје

35. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски“ – Скопје

36. Барање за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13,158/14,193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19), поднесено од градоначалникот на Општина Пробиштип

37. Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2022 година

38. Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2023 година

39. Годишен извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2023 година

40. Годишен извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2023 година

41. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2023 година

42. Иницијатива поднесена од Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, преку претседателот Христијан Мицкоски, доставена од Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.10/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21)

43. Понуда од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3235 за КО Илинден, на КП 1870/2 викано место/улица „Трница“

44. Понуда од нотар Маринчо Вељановски од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.6587, за КО Битола 5, на КП бр.1589/1 и КП бр.1589/2, викано место/улица „Кафтанџица“

45. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.732, за КО Сретеново, на КП бр.1684, викано место/улица „Мрдаја“

46. Понуда од нотар Тодор Бошковски од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.101650, за КО Тетово 3, на КП бр.12902, викано место/улица „Град“

47. Понуда од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.46853, за КО Центар 1, на КП бр.1515, викано место/улица „Цветан Димов“

48. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3102 за КО Радишани, на КП бр.1768/1, викано место/улица „Падина“, Имотен лист бр.100607 за КО Радишани, на КП бр.1767/3, викано место/улица „ул. 1558“ и Имотен лист бр.837 за КО Радишани, на КП бр.1754/3, викано место/улица „ул. 1558“

49. Понуда од Пане Нацев од Кавадарци, за продажба на недвижен имот – земјиште на КП бр.4432, КО Ваташа, евидентирано во Имотен лист бр.3453, како и недвижен имот земјиште и објект на КП бр.4617/3 и КП бр.4432/1, КО Ваташа, евидентирани во Имотен лист бр.2497

50. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.103996, за КО Охрид 4, на КП бр.5383/2 и КП бр.5384/1, викано место/улица „Град“

51. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 89048, за КО Охрид 3, на КП бр.15547/20, викано место/улица „Партизанска“

52. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102568, за КО Охрид 3, на  КП бр.16877, викано место/улица „Град“, Имотен лист бр.102569, за КО Охрид 3, на КП бр.16879 и КП бр.16880/1, викано место/улица „Град“ и Имотен лист бр.103078, за КО Охрид 3, на КП бр.16877, улица „Град “ и КП бр.16880/1, улица „К.М.Тито“

53. Понуда од нотар Бахар Калем од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 104025, за КО Охрид 4, на КП бр.6480/1, викано место/улица „Горица“

54. Понуда од нотар Прпарим Реџепи од Гостивар за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 2438, за КО Гостивар 2, на КП бр.8029, викано место/улица „Гостивар“

55. Понуда од нотар Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.54366 за КО Центар 1, на КП бр.12199/8, викано место/улица „102А“

56. Понуда од нотар Ана Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.45752 за КО Центар - 1, на КП бр.12979/2, викано место/улица „Н.Карев“ и Имотен лист бр.109333 за КО Центар - 1, на КП бр.12979/3, викано место/улица „Ц.Поповиќ“

57. Известување од извршител Анѓелка Ефкоска од Скопје, доставено под И.бр.273/23 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.109, за КО Осој, на КП бр.1477, викано место/улица „Јамчиште“ и Имотен лист бр. 1572, за КО Осој, КП бр.605, викано место/улица „Село“

58. Кадровски прашања

59. Прашања и предлози

60. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2023 година

61. Информација за здравствена состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2023 година

62. Информација за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година

63. Информација за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година

64. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес (јануари - март 2024 година)

65. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јануари 2024 до 31 март 2024 година

66. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, за периодот октомври - декември 2023 година

67. Предлог - решение за формирање на Комисија за следење на имплементацијата на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за употреба на јазик, во однос на јазичното покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски програмски содржини на територијата на Република Северна Македонија

68. Акциски план за спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа

69. Информација за отпочнување на постапка тековно одржување–поправка на оштетена хидроизолација на рамна тераса на објектот на Министерството за односи меѓу заедниците од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

70. Информација за обезбедување на деловен простор за потребите на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

71. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и шеста одлука)

72. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана

73. Информација за процесот на затворање на програмите за Транзициска помош и институционална надградба (TAIB) од ИПА I програмскиот период (2009-2013), исполнување на условите на одржливост на проектите и потребата за поврат на средства

74. Информација во врска со проектот „Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во Општина Кичево“

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, оддржана на 30 јули 2024 година и Записникот од Дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 септември 2024 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог на национална развојна стратегија 2024 -2044 година и Предлог на програма за спроведување на Националната развојна стратегија за периодот 2024 – 2028 година, ја усвои Информацијата и условно ги утврди Предлогот на национална развојна стратегија 2024 -2044 година и Предлогот на програма за спроведување на Националната развојна стратегија за периодот 2024 – 2028 година со следните заклучоци:

1. Текстовите на Предлогот на националната развојна стратегија 2024 -2044 година и Предлогот на програмата за спроведување на Националната развојна стратегија за периодот 2024 – 2028 година, да се усогласат со Министерството за финансии и Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Пречистените текстови на Предлогот на национална развојна стратегија 2024 -2044 година и Предлогот на програма за спроведување на Националната развојна стратегија за периодот 2024–2028 година, согласно член 204 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да ги достави до Собранието.

2. За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У бр.72/22.

Точка 4

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување  на  право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.03-111/7) и условно ја донесе Одлуката, доколку истата се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.03-600/1).

Точка 6

Владата ја одложи од разгледување Годишната сметка, Годишниот извештај за работењето и финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес за 2023 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнувања и со предлог-одлуки, поради потребата Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче – Велес и Министерството за финансии, да одржат состанок, со цел изнаоѓање на соодветно решение, во однос на негативниот финансиски резултат на Претпријатието, како и за преземените активности во однос на забелешките изнесени во Извештајот на независниот ревизор и потоа материјалот да се разгледа на седница на Влада, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

Точка 7

Владата го одложи од разгледување Ревизорскиот извештај за 2023 година, Годишниот извештај за работењето за 2023 година и обрасци по Годишната сметка за 2023 година на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Ц.О. Скопје, со предлог-одлуки, поради потребата

предлагачот предметниот материјал да го достави до Основното јавно обвинителство Скопје и Државниот завод за ревизија, со цел да се испитаат сите наоди во истиот, да се испитаат долговите што ги има направено претпријатието, како настанале тие долгови, како и начинот на плаќање на истите, односно дали некои компании имале приоритет при плаќањето и на кој начин се одредувал приоритетот.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (Имотен лист бр.196329, КО Драчево 2, КП бр.10746/1).

**Точка 9**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Триесет и петта одлука) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за престанување на Друштвото за приредување на електронски игри на среќа, Нова државна видеолотарија НОВО ВЛТ ДОО – Скопје и друштвата за приредување интернет игри на среќа Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – МОЗЗАРТ ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – 77 БИТС ДОО Скопје и Друштвото за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија – ВЕЗУВ ДОО Скопје, во кои содружник е Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија и преземање активности за отстранување на платформата 2Win.mk за приредување интернет (онлајн) игри на среќа на Друштвото за приредување на игри на среќа, Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО – Скопје, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија во врска со донесувањето на Одлуката за отпочнувањето на постапката за престанување на трговското друштво за приредување на електронски игри на среќа, донесена од Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија во врска со донесувањето на Одлуката за отпочнувањето на постапката за престанување на трговските друштва за приредување интернет игри на среќа, донесена од страна на Управниот одбор на

Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Друштвото за приредување на игри на среќа, Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО – Скопје да ги преземе потребните активности за отстранување на платформата 2Win.mk за приредување интернет (онлајн) игри на среќа од глобалната интернет мрежа, согласно Автентичното толкување на членот 7 ставови (2), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 251/22).

4. Се задолжува Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, да подготви и до Владата да достави информација во врска со функционирањето на МЕГА ВИН, интернет онлајн игри на среќа, во сопственост на АД за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија и истата да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со исплата на финансиски обврски произлезени од работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, со Предлог – одлука, за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 12**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во период од 19.7.2023 година до 26.1.2024 година.

* **

Владата на Дваесет и третата седница, одржана на 1 октомври 2024 година повторно ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во период од 19.7.2023 година до 26.1.2024 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и потребата од ограничување на движење на лица во шумите и шумските појаси согласно Изводокот од Нацрт-записникот од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија бр. 41-6015/2 од 13 јули 2024 година, ја усвои Информацијата и укажува на субјектите кои стопанисуваат со шумите во координација со Центарот за управување со кризи да ја следат состојбата на дневно ниво и да постапуваат според настанатите услови.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2023 година за Меѓународниот Аеродром Скопје, со прилози, ја усвои Информацијата и ја одобри анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2023 година за Меѓународниот Аеродром Скопје.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2024 година.

**Точка 16**

Владата ја одложи од разгледување Предлог – програмата за изменување на Програмата за фитосанитарна политика за 2024 година, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Национален комитет за олеснување.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Цивилно-воен комитет.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Национален комитет за управување со безбедноста во воздухопловството.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас CO2 на локалитетот „Новаци", Општина Новаци.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина на локалитетот „с.Љубинци – с.Петралица", Општина Ранковце.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон, да се усогласи со Министерството за правда.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Министерството за дигитална трансформација во активностите за спроведување на Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027, со Акциски план 2024-2025 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука во рок од седум дена да подготви и до Владата да достави Стратегија за изменување и дополнување на

Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027 со Акциски план 2024-2025 во која ќе се вклучи Министерството за дигитална трансформација во соодветните области кои одговараат на надлежностите, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24).

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација во рок од 15 дена до Министерството за образование и наука да достави номинација на член и заменик член во стиринг/раководната група за имплементација на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација во рок од 15 дена до Министерството за образование и наука да достави номинација на член и заменик член во структурата за имплементација на Стратегија за паметна специјализација на Република Северна Македонија на оперативно ниво.

Истовремено да се има предвид укажувањето од Министерството за финансии средствата за реализација на активностите во насока на реализација на предметната стратегија да се планираат во повеќегодишните планови за јавни набавки.

**<u>Точка 26</u>**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за потреба од одржување и модернизација на системот за интегрирано планирање на ресурсите.

***

Владата на Дваесет и третата седница, одржана на 1 октомври 2024 година, повторно ја разгледа Информацијата за потреба од одржување и модернизација на системот за интегрирано планирање на ресурсите.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за потребата од реализација на софтверското решение за унифицирани веб - страници на Владата на Република Северна Македонија и министерствата.

***

Владата на Дваесет и третата седница, одржана на 1 октомври 2024 година повторно ја разгледа Информацијата за потребата од реализација на софтверското решение за унифицирани веб страници на Владата на Република Северна Македонија и министерствата.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на членовите на советите на општините во Република Северна Македонија.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од обезбедување на дополнителни наменски средства за надомест на употребените ресурси во млазно гориво за воздухопловите на Министерството за одбрана за справување со кризната состојба и за поддршка на странските воздухоплови и екипажи и на друг странски персонал, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да обезбеди дополнителни наменски средства за надомест на употребените ресурси - млазно гориво за воздухопловите на Министерството за одбрана за справување со кризната состојба и за поддршка на странски воздухоплови и екипажи и на друг странски персонал во износ од 9.676.635 ,00 денари.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежба на командно место од страна на NATO Allied Reaction Force (ARF), со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежба на командно место од страна на NATO-ARF, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии–Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално-технички средства на NATO-ARF на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии–Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на

вежбата на командно место и за истото да го известат Министерството за одбрана, во рок од три дена.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик за периодот 1.9.2023-31.12.2023 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за социјална политика, демографија и млади во декември 2024 година да ја информира Владата за напредокот на имплементација на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование".

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски" Битола (41-4410/1).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски" – Битола.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св.Наум Охридски" - Скопје.

**Точка 36**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 13од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19), поднесено од градоначалникот на Општина Пробиштип.

Во Барањето се наведува дека членот 13 е нејасен во смисла на тоа што се подразбира под „работни места во општинска администрација", односно, дали се работни места од групата 1 административни службеници, подгрупа 1 државни службеници,

согласно член 14 од Законот за вработени во јавниот сектор или се работни места од група 4 помошно технички лица или други работни места.

Предметната одредба во пракса, различно се толкува од вешти лица и од страна на судовите, од таа причина општините во Република Северна Македонија се соочуваат со судски постапки на штета на општините, од причина што во одредени предмети по поведени судски постапки се прави споредба на платите на пожарникарите со вработени во општината како помошно технички лица - возачи, а за други вработени се зема пондериран просек од бодовите на вработените административни службеници со соодветна стручна подготовка.

Согласно законска регулатива, противпожарните единици и вработените во истите се опфатени со член 2 став (2) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), кој упатува дека „вработени во јавниот сектор се лицата кои засновале работен однос во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје, односно институции на јавниот сектор.“.

Согласно наведеното, неспорен е фактот дека професионалните пожарникари се вработени во јавниот сектор.

Дополнително членот 13 од Законот за пожарникарството гласи:

„Поради видот и природата на работите што ги извршуваат, износот на платата на професионалните пожарникари во противпожарните единици од членот 5 на овој закон е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.“

Ако се има предвид дека со Уставот на Република Северна Македонија, секој граѓанин е еднаков пред Уставот на Република Северна Македонија и законот, при што е загарантирано правото на работа и соодветна заработувачка, како и соодветна заштита со закон и колективен договор, неспорно е дека при примена на членот 13 од Законот за пожарникарство, пресметката од 20% треба да се врши за вработените согласно нивното звање од соодветното работно место и соодветната стручна подготовка за дадено работно место.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување по Барањето за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“

бр.152/19), поднесено од градоначалникот на Општина Пробиштип, со упатување дека во тек се консултации со сите засегнати страни во врска со утврдување на нов модел за уредување на пожарникарството во кој ќе се инкорпорира и нов модел на пресметка на плата.

**Точка 37**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2022 година и притоа го утврди следното мислење

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2022 година е изготвен согласно членот 70 став (2) од Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Ребулика Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21), Годишниот извештај за работа на Агенцијата за 2022 година се доставува до Собранието на Република Северна Македонија во кој се презентирани сите активности преземени во текот на 2022 година.“

Годишниот извештај е од информативен карактер со содржини кои ги претставуваат активностите на Агенцијата, преземени во насока на подигнување и зајакнување на нивото на заштита на личните податоци од страна на контролорите, обработувачите, спроведените супервизии и дадените насоки, како и преглед на преземените чекори за усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија и правните инструменти на Советот на Европа во оваа област.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по доставениот Годишен извештај на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2022 година.

**Точка 38**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2023 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2023 година е изготвен, согласно членот 70 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Ребулика Северна Македонија“ бр. 42/20 и 297/21) согласно кој:

„(1) Агенција изготвува годишен извештај за својата работа, кој може да вклучува листа на повреди за кои била известена, како и за видовите на преземени мерки.

(2) Агенцијата го доставува до Собранието на Република Северна Македонија заради запознавање, годишниот извештај од ставот (1) на овој член за претходната календарска година, најдоцна до крајот на месец март во тековната година.“.

Годишниот извештај на Агенцијата за 2023 година е разгледан и истиот е детален, сеопфатен и дава целосен приказ на работењето на Агенцијата во сите сегменти од нејзината надлежност. Извештајот дава целосен осврт на веќе реализираните активности во 2023 година, а презентираните финансиски показатели се усогласени со трезорската евиденција.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, нема забелешки на доставениот Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2023 година.

**<u>Точка 39</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2023 година и притоа го утврди следното мислење

Годишниот извештај е изготвен и доставен согласно Законот за слободон пристап до информациите од јавен карактер.

Истиот е во функција на отчетност за работењето на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Извештајот има за цел презентирање на реализираните активности на Агенцијата за период од 1.1.2023 година заклучно со 31.12.2023 година и истиот е материјал од информативен карактер, поради што Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење.

**<u>Точка 40</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2023 година и притоа го утврди следново мислење

Годишниот извештај е редовна и законска обврска на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија со кој ја информира Владата за реализираните активности во спроведувањето на здравственото осигурување како и за неговото финансиско работење во претходната година.

Извештајот содржи статистички податоци за остварените права од здравственото осигурување, финансиски податоци за работењето на Фондот и други податоци. Од показателите изнесени во Извештајот се констатира следното:

- во 2023 година бројот на осигурени лица изнесувал 1.856.738 лица и во однос на претходната година е зголемен за 2332 лица,

- вкупните расходи на Фондот за 2023 година изнесуваат 42,9 милијарди денари. Кај одредени расходи се бележат одредени зголемувања во однос на 2022 година. Исто така, се забележува раст на бројот на доделени права, решенија, барања и договори во однос на 2022 година.
Предметниот материјал е од информативен карактер.
Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2023 година е во функција на исполнување на обврската на Фондот согласно член 67 став (1) од Законот за здравственото осигурување, според кој Фондот е должен најмалку еднаш годишно да доставува извештај за својата работа и анализа за економско-финансиското работење до Министерството за здравство, Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење во однос на Годишниот извештај за работата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 41**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2023 година и притоа го утврди следното мислење

Комисијата за заштита на конкуренција која е одговорна за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16) и Законот за контрола на државната помош (Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10) подготвува и доставува Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2023 година до Собранието на Република Северна Македонија, кој се доставува согласно обврската утврдена во член 26 став (6) од Законот за заштита на конкуренцијата, според кој Комисијата за заштита на конкуренцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија и најдоцна до 31 март поднесува годишен извештај.

Владата укажува дека во табеларниот преглед на страна 45 под реден број 4, Решение бр.10-33 од 24 март 2023 година, Министерството за економија, Програма за развој на претприемништво и конкурентност на мали и средни претпријатија за 2023 година, Мерка 4. Поддршка и развој на интернационализација на мали и средни претпријатија во износ од 5.000.000 денари не е реализирана поради тоа што со Одлука на Владата на Република Северна Македонија за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на на Република Северна Македонија“ бр. 207/23 од 3 октомври 2023 година и согласно Програмата за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2023 година („Службен весник на на Република Северна Македонија“ бр.274/23 од 21 декември 2023 година) се одземени 24.000.000 денари.

Со Одлука на Владата на Република Северна Македонија за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на на Република Северна Македонија“ бр.264/23 од 13 декември 2023 година) се одземени 11.200.000 денари или вкупно 35.200.000 денари.
Исто така во мерка 5. Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели во износ од 7.000.000 денари, реализирани се 4.552.743 денари.

Согласно горенаведеното, Владата дава мислење со укажувања.

**Точка 42**

Владата ја симна од Дневен ред Иницијативата поднесена од Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, преку претседателот Христијан Мицкоски, доставена од Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.10/2024 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21).

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Јолакоска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3235 за КО Илинден, на КП 1870/2 викано место/улица „Трница“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маринчо Велјановски од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.6587, за КО Битола 5, на КП бр.1589/1 и КП бр.1589/2, викано место/улица „Кафтанџица“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како и Мислењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.732, за КО Сретеново, на КП бр.1684, викано место/улица „Мрдаја“ и по Понудата, ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тодор Бошковски од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.101650, за КО Тетово 3, на КП бр.12902, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска Канчевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.46853, за КО Центар 1, на КП бр.1515, викано место/улица „Цветан Димов“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 48**

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3102 за КО Радишани, на КП бр.1768/1, викано место/улица „Падина“, Имотен лист бр.100607 за КО Радишани, на КП бр.1767/3, викано место/улица „1558“ и Имотен лист бр.837 за КО Радишани, на КП бр.1754/3, викано место/улица „1558“, поради потребата Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од Пане Нацев од Кавадарци, за продажба на недвижен имот – земјиште на КП бр.4432, КО Ваташа, евидентирано во Имотен лист бр.3453, како и недвижен имот земјиште и објект на КП бр.4617/3 и КП бр.4432/1, КО Ваташа, евидентирани во Имотен лист бр.2497 и по Понудата, ги усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Мислењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.103996, за КО Охрид 4, на КП бр.5383/2 и КП бр.5384/1, викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги

предвид негативните мислења на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и Министерството за транспорт.

**Точка 51**

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 89048, за КО Охрид 3, на КП бр.15547/20, викано место/улица „Партизанска", за некоја од наредните седници на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 52**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.102568, за КО Охрид 3, на КП бр.16877, викано место/улица „Град", Имотен лист бр.102569, за КО Охрид 3, на КП бр.16879 и КП бр.16880/1, викано место/улица „Град" и Имотен лист бр.103078, за КО Охрид 3, на КП бр.16877, улица „Град " и КП бр.16880/1, улица „К.М.Тито", за некоја од наредните седници на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Бахар Калем од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 104025, за КО Охрид 4, на КП бр.6480/1, викано место/улица „Горица" и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт, како и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Прпарим Реџепи од Гостивар за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 2438, за КО Гостивар 2, на КП бр.8029, викано место/улица „Гостивар" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анастасија Петреска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.54366 за КО Центар 1, на КП бр.12199/8, викано место/улица „102А“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.45752 за КО Центар - 1, на КП бр.12979/2, викано место/улица „Н.Карев“ и Имотен лист бр.109333 за КО Центар - 1, на КП бр.12979/3, викано место/улица „Ц.Поповиќ“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 57**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Анѓелка Ефкоска од Скопје, доставено под И.бр.273/23 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.109, за КО Осој, на КП бр.1477, викано место/улица „Јамчиште“ и Имотен лист бр. 1572, за КО Осој, КП бр.605, викано место/улица „Село“ и по истото ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 58**

**1.** Владата ја именува Јелена Пеева за вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**2**. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, во државна сопственост ги отповика:

- Зејнел Куч од независен
- Хатиџе Топали
- Бејтула Демири
- Кирил Петров и
- Мухарем Имеровски од независен

**2.1** Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, во државна сопственост ги избра:

- Бејтула Демири за независен
- Берат Даути за независен

- Ангела Нушева
- Мартин Корубин и
- Целе Најдески

**3.** Владата од должноста претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија ги разреши:

а) од претседател:
- Анета Данева Мострова

б) од членови:
- Бранко Петровски
- Фатон Мемети
- Исмаил Касуми и
- Зоран Бањански.

**3.1** Владата за претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија ги именува:

а) за претседател:
- Стојанче Геровски

б) за членови:
- Борис Дамовски
- Шкљќим Исљами
- Менсур Алити
- Христина Трајкоска.

**4.** Владата од должноста претседател и членови на Советот за македонски јазик ги разреши:

а) од претседател
- Људмил Спасов

б) од членови:
- Елена Јованова Грујовска
- Елизабета Бандиловска
- Виолета Јанушева
- Лидија Аризановска
- Снежана Велковска
- Елизабета Кузмановска
- Симон Саздов и
- Искра Пановска Димкова

**4.1** Владата ја именува д-р Симона Груевска – Маџоска редовен професор на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков“ – Скопје за претседател на Советот за македонски јазик

**5**. Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“ – Штип ги разреши:

- Стојка Илиева Аџијева
- Димче Костадинов и
- Трајче Димов

**5.1** Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државниот музички училишен центар „Сергеј Михајлов“ – Штип ги именува:

- Загорка Чапова
- Славица Донева и
- Лидија Михајлова Стојанова

**6.** Владата од должноста членови на Училишниот одбор - претставници на основачот на Државното музичко училиште „Тодор Скаловски Тетоец“ – Тетово ги разреши:

- Сашо Пероски
- Томе Ѓатоски и
- Шериф Абдурамани, поради истек на мандатот.

**6.1** Владата за членови на Училишниот одбор - претставници на основачот на Државното музичко училиште „Тодор Скаловски Тетоец“ – Тетово ги именува:

- Виолета Трајкоска
- Чеде Јанчески и
- Драган Атанасовски

**7.** Владата од должноста членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Скопје ги разреши:

- Елена Стефановска
- Натали Папакоч – Илиевска и
- Симона Јовевска

**7.1** Владата за членови на Училишниот одбор – претставници на основачот на Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ – Скопје ги именува:

- Славе Николов
- Славчо Димишков и
- Борислав Стојанов

**8.** Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски – Сениќ – Скопје ги разреши:

- Мартина Аврамоска
- Нусрет Бајрами и
- Ајет Ајети

**8.1** Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски – Сениќ – Скопје ги именува:

- Маја Дрндаревска
- Бујамин Хасани и
- Хисен Бакиу

**9.** Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Скопје" – во Скопје ги разреши:

- Марко Спиркоски
- Марија Каевска и
- Селвије Ајдини

**9.1** Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Скопје" – во Скопје ги именува:

- Пеце Талески
- Марија Мишевска и
- Илир Адеми

**10.** Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија" – Скопје ги разреши:

- Дритон Кадрија
- Музафер Рамески и
- Евгенија Јанакиеска

**10.1** Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија" – Скопје ги именува:

- Сарана Адеми
- Енвер Исмаили и
- Зоран Бошковски

**11.** Владата го разреши проф. д-р Никола Минов од должноста член на Националната комисија за учебници, од високообразовните и научните установи од областа на општествено – хуманистичките науки на негово барање.

**11.1** Владата го именува проф. д-р Тони Филиповски за член на Националната комисија за учебници, од високообразовните и научните установи од областа на општествено – хуманистичките науки.

**12**. Владата даде согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр. 02-4767/1 од 20.09.2024 година, со која за вршител на должноста директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се именува Никола Мемов.

<u>Точка 59</u>

**1**.Владата по повод Барањето за финансиски средства/покривање на трошоци, доставено од Здружението Ромски деловен информативен центар, а во врска со одбележувањето на 5 ноември – Меѓународен ден на ромскиот јазик, заклучи истото да се оддржи во Свечената сала на Владата на Република Северна Македонија.

**2.**Владата не распраавше по Информацијата за одземен канцелариски простор и барање за итно доделување на недвижен имот/канцелариски простор на трајно користење на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**3**.Владата, по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, за постапувањето на институциите по заклучоците од седниците на Владата, го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, на наредната седница на Владата да достави преглед на заклучоци по кои институциите не постапиле.

**4.**Владата, по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем заклучи Заклучокот од точка 5: Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Сопствените приходи на општините за обезбедување квалитетни услуги на граѓаните за време на пандемијата", разгледан на Дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 септември 2024 година, кој гласи: „3. Се задолжува Министерството за одбрана да формира меѓуресорска работна група која ќе има за цел да изврши реформирање на постојниот систем во интегриран систем за управување со кризи и заштита и спасување.", да престане да важи.

**5**.Владата на предлог на м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, а во врска со процесот на евалуација на проектните документации доставени од страна на општините, кои произлегуваат од Јавниот повик за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на проекти од Потпрограма АА, Инфраструктурни проекти на општините, заклучи:

1)Се задолжуваат сите ресорни министерства кои се уште не го завршиле процесот на евалуација на проектните документации, претходно доставени од страна на општините, истото да го сторат во најкус можен рок.

2) Се задолжуваат министерствата, по завршениот процес на евалуација, за наредната седница на Владата да подготват и достават сумарна анализа за пристигнатите проекти, а потоа да достават соодветни предлог – одлуки за одобрените проекти, за кои претходно ќе добијат согласност од Министерството за локална самоуправа.

**6**.Владата ја разгледа Предлог - изјавата за фискална политика 2024-2028 година, даде Изјава за фискална политика за период 2024-2028 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство) и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**7.**Владата, по повод Барањето за финансиски средства/покровителство, доставено од Бошњачкиот национален совет, а во врска со одбележувањето на „28 Септември – Меѓународен ден на Бошњаците“, заклучи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да подготви Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за здравствена состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес (јануари - март 2024 година), како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јануари 2024 до 31 март 2024 година, како материјал за информирање, при што да се имаат предвид укажувањата од Министерството за финансии, за рационализирање на расходната страна и непродуктивните трошоци.

**Точка 66**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, за периодот октомври - декември 2023 година, како материјал за информирање, при што предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, за преземање на мерки за штедење.

Исто така, предлагачот да го достави предметниот материјал до Основното јавно обвинителство Скопје.

**Точка 67**

Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за следење на имплементацијата на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за употреба на јазик, во однос на јазичното покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски програмски содржини на територијата на Република Северна Македонија (усогласено со Секретаријатот за законодавство и Министерството за дигитална трансформација).

**Точка 68**

Владата го разгледа и усвои Акцискиот план за спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Во рамки на дискусијата на седницата на Владата беше предложен заклучок од страна на претседателот на Владата на Република Северна Македонија кој гласи „Владата го задолжи Министерството за економија и труд да продолжи да го применува стариот Закон за техничка инспекција во делот на инспекцискиот надзор, додека не се донесе новиот закон“.
Истиот заклучок не е дел од извадокот од Нацрт – записникот од Дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 септември

2024 година, поврзан со предметната точка, бидејќи истиот е неоперативен затоа што Законот за техничка инспекција по кој е потребно да постапи Министерството за економија и труд според предложениот заклучок, е вон сила.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на постапка тековно одржување–поправка на оштетена хидроизолација на рамна тераса на објектот на Министерството за односи меѓу заедниците од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и ја усвои со следниот заклучок (усогласен со Секретаријатот за законодавство):

- Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, до 31 декември 2024 година да изврши тековно одржување- поправка на оштетената хидроизолација на рамна тераса на објектот на Министерството за односи меѓу заедниците.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на деловен простор за потребите на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ја усвои Информацијата и се препорачува на органите на управување на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје деловниот простор кој е во сопственост на Друштвото, а се наоѓа на КП бр.13526 за КО Центар 1, запишан во Имотен лист бр.123364, да се даде на користење на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, без надоместок, согласно закон.

## Точка 71

Владата ја разгледа Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (триесет и шеста одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 72

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и предлагачот во прилог на материјалот да го достави одобрението од донаторот на движните ствари.

## Точка 73

Владата не расправаше по Информацијата за процесот на затворање на програмите за Транзициска помош и институционална надградба (TAIB) од ИПА I програмскиот период (2009-2013), исполнување на условите на одржливост на проектите и потребата за поврат на средства.

## Точка 74

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со проектот „Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во Општина Кичево“, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:05 часот.

**Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**